# ТАНЦОВА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ПРАВИЛНИК
## за
# КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА СПОРТИСТИ НА Р.МАКЕДОНИЈА

Агенција за млади и спорт

Врз основа на член 47 став 1 од Законот за спортот ("Сл.весник на РМ" бр.29/02, 51/02, 50/04), директорот на Агенцијата за млади и спорт донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА СПОРТИСТИТЕ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со Правилникот за категоризацијата на спортистите од Република Македонија се пропишуваат мерилата и критериумите за утврдување на статусот и рангот на спортистите во Република Македонија, кои остваруваат високи спортски резултати и стекнуваат спортска категорија.

### Член 2

Со примена на овој правилник се овозможува: вреднување на творечките остварувања на спортистите; еквивалентен пристап во вреднување на спортските резултати во спортот; решавање на статусните прашања на спортистите; стимулирање на спортистите за бавење со спортска активност и вреднување на творечките остварувања на стручните лица.

### Член 3

Врз основа на остварените резултати во одреден временски период спортистите во Република Македонија (во натамошниот текст: спортистите) се стекнуваат со спортски категории - спортист од светска категорија, спортист од меѓународна категорија и спортист од државна категорија, во следниве спортови:

1. Автомобилизам - моторциклизам и картинг
2. Атлетика
3. Бокс
4. Борење
5. Велосипедизам
6. Ватерполо
7. Воздухопловство
8. Веслање
9. Гимнастика
10. Едрење
11. Кајак на диви води
12. Кајак на мирни води
13. Карате (модерно и традиционално)
14. Коњички спорт
15. Кошарка
16. Кревање товар
17. Куглање
18. Кик бокс
19. Мечување
20. Одбојка
21. Планинарски спортови (ориентационен спорт, алпинизам и спортско качување)

22. Пливање
23. Пинг понг
24. Параглајдерско – змајарски
25. Пеливанство
26. Ракомет
27. Скијање
28. Спортски риболов
29. Стрелаштво
30. Стреличарство
31. Спорт за инвалидизирани лица
32. Тенис
33. Тријатлон
34. Таеквондо
35. Фудбал
36. Хокеј на мраз
37. Џудо
38. Шах

## II. МЕРИЛА И КРИТЕРИУМИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО СПОРТСКА КАТЕГОРИЈА

### Член 4

**Автомобилизам - моторциклизам и картинг**

Во спортот автомобилизам - моторциклизам и картинг (автомобилизам на ридски кружни патеки, рели, картинг, мотокрос, спидвеј и мототрки на кружни патеки), спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **светска категорија** за:
- освоено од прво до осмо место на светско првенство во генерален - конечен пласман;
- освоено од прво до четврто место на европско првенство во генерален - конечен пласман.

2. Спортист од **меѓународна категорија** за:
- освоено од деветто до шеснаесто место на светско првенство во генерален - конечен пласман;
- освоено од петто до осмо место на европско првенство во генерален - конечен пласман;
- освоено од прво до трето место во една од трките за светско и европско првенство, во која учествуваат најмалку осум натпреварувачи во класа;
- учество во репрезентација која ќе освои од петто до шесто место во светски и европски куп во генерален - конечен пласман;
- освоено од прво до трето место на младинско светско првенство.

3. Спортист од **државна категорија**, за освоено прво место во генерален - конечен пласман на првенство на Македонија во одделни класи.

### Член 5

**Атлетика**

Во спортот атлетика, спортист стекнува категорија:

1. Спортист од **светска категорија**, за:
- освоено од прво до осмо место на олимписки игри или светско првенство;
- освоено од прво до шесто место на европско првенство;
- освоено од прво до трето место на Светски куп - супер лига;
- освоено од прво до второ место на Европски куп - супер лига;
- освоено од прво до шесто место на светско првенство во сала;
- освоено од прво до трето место на европско првенство во сала;
- освоено од прво до трето место на Гранд - при митинзите на Меѓународната аматерска атлетска федерација ( IAAF);
- остварен резултат, кој Меѓународната аматерска атлетска федерација го признава за светски, односно европски рекорд.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од деветто до шеснаесто место на олимписки игри или светско првенство, пласман и настап во полуфинале;
- освоено од седмо до осмо место на европско првенство во финале;
- освоено од четврто до осмо место на Светски куп;
- освоено од трето до шесто место на Европски куп - супер лига;
- финале на светско и европско првенство во сала;
- освоено од прво до четврто место на младинско светско првенство, финале;
- освоено од прво до трето место на младинско европско првенство;
- освоено од четврто до осмо место на Гранд - при митинзи;
- освоено од прво до трето место на универзијада.

Категоријата Спортист од меѓународна категорија, може да ја стекнат и спортисти кои на звanични меѓународни натпревари, олимписки игри, светски и европски првенства, како и на други регионални атлетски првенства, кои се предвидени во календарот на Интернационалната аматерска атлетска федерација и Европската атлетска асоцијација (EAA), ја исполнуваат утврдената норма дадена во табела 1, која е приложена кон овој правилник и е негов составен дел.

3. Спортист од **државна категорија**, за:
- освоено прво место на поединечно првенство на Македонија и финале на Купот на Македонија за сениори-ки;
- постигнат рекорд, со повеќе од 900 бода по унгарска таблица;
- исполнета норма во текот на годината на првенство на Македонија, финале на Куп на Македонија и меѓународни атлетски натпревари во календарот на Светската аматерска ат-летска федерација и Атлетскиот сојуз на Македонија, дадена во табела 2, која е приложена кон овој правилник и е негов составен дел.

**Член 6**

**Бокс**

Во спортот бокс, спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **светска категорија**, за:
- освоено од прво до осмо место на олимписки игри или светско првенство за сениори;
- освоено до трето место на европско првенство за сениори;
- остварениот пласман на горенаведените натпревари спортистот треба да го оствари со најмалку две остварени победи, за да ја стекне категоријата Спортист од светска

категорија, во спротивно ја стекнува пониската категорија Спортист од меѓународна категорија;
- освоено од прво до десетто место на ранг листата на Светската аматерска боксерска асоцијација (AIBA) или од прво до петто место на ранг листата на Европската аматерска боксерска федерација (EABA).

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од деветто до шеснаесто место на олимписки игри или светско првенство со најмалку една победа;
- освоено до осмо место на европско првенство со најмалку една победа;
- освоено прво место на универзијада;
- освоено од шесто до десетто место на ранг листата на Европската аматерска боксерска федерација;
- освоено од прво до трето место на светско првенство за младинци или освоено прво односно второ место на европско првенство за младинци.

3. Спортист од **државна категорија**, за настап во финале на поединечно првенство на Македонија.

**Член 7**

**Борење**

Во спортот борење (слободен и грчко - римски стил), спортистот стекнува категорија:

1.Спортист од **светска категорија**, за:
- освоено од прво до осмо место на олимписки игри и светско првенство или од прво до трето место на европско првенство;
- пласманот на горенаведените натпревари, спортистот треба да ги оствари со најмалку две остварени победи, за да ја стекне категоријата Спортист од светска категорија, во спротивно ја стекнува пониската категорија Спортист од меѓународна категорија.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од деветто до шеснаесто место на олимписки игри или светско првенство, со најмалку една победа;
- освоено од четврто до осмо место на европско првенство, со најмалку една победа;
- освоено од прво до трето место на младинско светско првенство или освоено прво или второ место на младинско европско првенство.

3. Спортист од **државна категорија**, за:
- настап во финалето на поединечните првенства на Македонија за сениори во секоја тежинска категорија;
- освоено прво место на екипно првенство на Македонија за сениори.

**Спортска категорија спортист од светска или меѓународна категорија во борење слободен и грчко-римски стил стекнуваат само спортисти кои настапуваат на олимписки игри, светски и европски првенства во поединечна конкуренција**

**Член 8**

**Велосипедизам**

Во спортот велосипедизам, спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **светска категорија**, за:

- освоено од прво до осмо место на олимписки игри или светско првенство за сениори;
- освоено од прво до шесто место на европско првенство;
- учество во репрезентација која ќе освои од прво до трето место на олимписки игри или светско првенство;
- односно прво место на европско првенство;
- остварен резултат, кој Светската велосипедска федерација(UCI) го признава за сениорски светски;
- односно европски рекорд (остварен на велодром).

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:

- освоено од деветто до шеснаесто место на олимписки игри или светско првенство за сениори;
- освоено од седмо до дванаесто место на европско првенство;
- освоено прво место поединечно или екипно на универзијада;
- освоено од прво до шесто место на младинско светско првенство;
- учество во репрезентација која ќе освои од четврто до шесто место на олимписки игри или светско првенство;
- односно од второ до шесто место на европско првенство;
- остварен резултат, кој Светската велосипедска федерација го признава за младински светски;
- односно европски рекорд (остварен на велодром).

3. Спортист од **државна категорија**, за:

- освоено прво место на друмско поединечно првенство на Македонија;
- односно за освоено прво место во возење на хронометар, циклокрос и екипно друмско првенство на Македонија.

**Член 9**

**Ватерполо**

Во спортот ватерполо, спортистите стекнуваат категорија:

1. Спортист од **светска категорија**, за учество во екипа:

- која ќе оствари пласман од прво до четврто место на олимписки игри, светско или европско првенство.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за учество во:

- репрезентација која на олимписки игри или светско првенство ќе освои од петто до осмо место; - репрезентација која на европско првенство ќе освои од петто до шесто место;
- клубска екипа која ќе освои од прво до второ место во Купот на шампионите на Европа;
- учество во младинска или млада сениорска репрезентација која ќе освои од прво до трето место на светско првенство;
- односно прво и второ место на европско првенство.

3. Спортист од **државна категорија,** за учество во:
- екипа која на Државно сениорско првенство ќе освои прво место.

**Член 10**

**Воздухопловство**
Во спортот воздухопловство (падобранство, едриличарство и моторно летање), спортистот стекнува категорија:
1. Спортист од **светска категорија**, за:
- освоено од прво до осмо место во генерален - конечен пласман освоено на светските воздухопловни игри, светско првенство;
- односно од прво до шесто место на европско првенство;
- освоено од прво до шесто место во поединечни дисциплини на светските воздухопловни игри, светско првенство;
- односно од прво до трето место на европско првенство.

2. Спортист од **меѓународна категорија,** за:
- учество во екипа која на европско или светско првенство освои од прво до трето место;
- учество во екипа која на младинско светско првенство освои од прво до трето место;
- односно прво место на европско првенство;
- освоено од деветто до дванаесто место во генерален - конечен пласман освоено на светските воздухопловни игри или светско првенство;
- односно од седмо до деветто место на европско првенство;
- освоено од седмо до деветто место во поединечни дисциплини на светските воздухопловни игри или светско првенство;
- односно од четврто до шесто место на европско првенство.

3. Спортист од **државна категорија**, за освоено прво место во дисциплините на првенство на Македонија за сениори.

**Член 11**

**Веслање**
Во спортот веслање, спортистот стекнува категорија:
1. Спортист од **светска категорија**, за:
- освоено од прво до осмо место на олимписки игри;
- од прво до шесто место на светско првенство или Светски куп (севкупно во генерален - конечен пласман).

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од деветто до дванаесто место на олимписки игри;
- односно од седмо до осмо место на светско првенство или Светски куп (севкупно во генерален - конечен пласман);
- освоено прво место на медитерански игри;
- освоено од прво до трето место на младинско светско првенство;
- освоено прво место на една регата во Светски куп или Куп на нации.

4. Спортист од **државна категорија**, за освоено прво место во дисциплини на поединечно првенство на Македонија за сениори

**Член 12**

**Гимнастика**

Во спортот гимнастика (спортска и ритмичко спортска), спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **светска категорија,** за:

- освоено од прво до осмо место во повеќебој или поединечни справи на олимписки игри или светско првенство;
- освоено од прво до шесто место во повеќебој или поединечни справи на европско првенство;
- освоено од прво до трето место на финале на Светски куп;
- учество во репрезентацијата која ќе освои од прво до трето место на олимписки игри и светско првенство или - прво до второ место на европско првенство.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:

- освоено од деветто до шеснаесто место во повеќебој или поединечни справи на олимписки игри и светско првенство;
- освоено од седмо до дванаесто место во повеќебој или поединечни справи на европско првенство;
- освоено од четврто до осмо место на финале на Светски куп;
- освоено од прво до трето место на јуниорско европско првенство;
- освоено од прво до трето место во повеќебој или поединечни справи на универзијада;
- освоено прво место на меѓународни турнири од А категорија;
- постигање на 85% на бодовите во повеќебој или поединечни справи на олимписки игри, светско првенство или европски куп и финале на Светски куп.

3. Спортист од **државна категорија**, ја стекнува спортист за освоено од прво до трето место на поединечни справи;

- односно дисциплини и гимнастички повеќебој на првенство на Македонија, во спортска и ритмичко - спортска гимнастика.

Член 13

**Едрење**

Во спортот едрење, спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **светска категорија**, за:

- освоено од прво до осмо место на олимписки игри или светско првенство;
- освоено од прво до шесто место на европско првенство;
- освоено од прво до десетто место на Меѓународната федерација за едрење (ISAF) - ранг листа;
- освоено од прво до шесто место на Еуролимп - Европа куп, ранг листа во генерален - конечен пласман.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:

- освоено од деветто до шеснаесто место на олимписки игри или светско првенство;
- освоено од седмо до дванаесто место на европско првенство;

- освоено од прво до второ место на универзијада;
- освоено од прво до четврто место на младинско светско првенство;
- освоено прво до трето место на европско првенство;
- освоено од прво до шеснаесто место на ISAF - ранг листа, во генерален - конечен пласман;
- освоено од седмо до дванаесто место на Еуролимп - Европа куп, ранг листа во генерален - конечен пласман.

3. Спортист од **државна категорија**, ја стекнуваат спортисти за освоено од прво до трето место на ранг листите на Едриличарскиот сојуз на Македонија во меѓународните класи.

Член 14

**Кајак на диви води**
Во спортот кајак на диви води, спортистот стекнува категорија:
1. Спортист од **светска категорија**, за:
- освоено од прво до десетто место на олимписки игри;
- освоено од прво до осмо место на светско првенство;
- освоено од прво до осмо место на Светски куп, во генерален - конечен пласман;
- освоено од прво до шесто место на европско првенство;

Се категоризираат остварувањата во дисциплините: К-1, Ц-1, 3хК1, 3хЦ1 и 3хЦ2.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од единаесто до дваесто место на олимписки игри;
- освоено од деветто до шеснаесто место на светско првенство или Светски куп (во генерален - конечен пласман), односно од седмо до деветто место на европско првенство;
- освоено од прво до трето место на еден натпревар во Светски куп;
- освоено од прво до трето место на младинско светско првенство, или младинско европско првенство.

Се категоризираат остварувањата во дисциплините К-1, Ц-1, 3 х К-1, 3 х Ц-1 и 3 х Ц-2.

3. Спортист од **државна категорија**, за:
- освоено прво место на поединечно првенство на Македонија за сениори во категориите Ц-1, К-1 и Ц-2 и во дисциплините 3хК-1, 3хЦ-1 и 3хЦ-2;
- учество во репрезентација на Кајакарскиот сојуз на диви води на Македонија на олимписки игри, европско и светско првенство.

Член 15

**Кајак на мирни води**
Во спортот кајак на мирни води, спортистот стекнува категорија:
1. Спортист од **светска категорија**, за:
- освоено од прво до деветто место на олимписки игри;
- освоено од прво до деветто место на светско првенство или Светски куп (севкупно) конечен пласман;
- односно за освоено од прво до шесто место на европско првенство.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од десетто до осумнаесто место на олимписки игри;

- освоено од деветто до шеснаесто место на светско првенство или Светски куп (севкупно во генерален - конечен пласман);
- односно од седмо до деветто место на европско првенство, со услов за пласман во првата половина на натпреварувачи;
- освоено прво место на еден натпревар во Светски куп;
- освоено од прво до трето место на младинско светско првенство, Светски куп или европско првенство

3. Спортист од **државна категорија**, ја стекнува спортист за освоено прво место на поединечно првенство на Македонија за сениори.

Член 16

**Карате**
Во спортот **модерно карате**, спортистот стекнува категорија во:

1. Спортист од **светска категорија** за освоено од прво до трето место на светско или европско првенство (во спортска борба или кати), што ги организира Светската карате федерација(WKF).

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од четврто до осмо место на светско или европско првенство (во спортска борба) или
- освоено од четврто до шесто место (во кати),
- освоено од прво до трето место на младинско светско или европско првенство (во спортска борба или кати).

Остварениот пласман се верифицира доколку се оствари на меѓународни натпревари што ги организира Светската карате федерација (WKF);

3. Спортист од **државна категорија,** за освоено прво место на првенство на Македонија, кое го организира Македонската карате федерација во поединечна конкуренција во спортска борба и кати.

Признавањето на категоризирани спортисти, предвидени во став 1 од овој правилник, во модерното карате спортот во сите категории, ќе се врши само на натпреварувачи кои учествуваат во системот на натпревари организиран од страна на Светската карате федерација (WKF), се додека таа е официјално призната за комуникација од страна на Меѓународниот Олимписки Комитет.

**Традиционално карате**
1. Во спортот традиционално карате, спортист од **меѓународна категорија**, спортистот стекнува за:
- освоено од прво до трето место на Светско првенство (индивидуални и тимски кумите, фукуго и ембу, како што е во Правилникот на Интернационалната традиционална карате федерација во делот натпревари и категории), што ги организира Интернационалната Традиционална Карате Федерација (ITKF), а на кое учествуваат најмалку 30 земји учеснички;
- освоено прво или второ место на Европско првенство (индивидуални и тимски кумите, фукуго и ембу, како што е во Правилникот на Интернационалната традиционална карате

федерација во делот натпревари и категории), што ги организира Интернационална Традиционална Карате Федерација (ITKF), а на кое учествуваат најмалку 20 земји учеснички.

Остварениот пласман на меѓународните првенства, спортистот треба да го оствари со најмалку две победи, за да ја стекне категоријата Спортист од меѓународна категорија, во спротивно се категоризира во категоријата спортист од државна категорија.

2. Спортист од **државна категорија**, за освоено прво место на првенство на Македонија, кое го организира Македонската Традиционална Карате Федерација во поединечна конкуренција во спортска борба и кати.

Признавањето на категоризирани спортисти, предвидени во став 2 од овој член, во спортот традиционално карате, ќе се врши само на натпреварувачи кои учествуваат во системот на натпревари организиран од страна на Интернационалната Традиционална Карате Федерација (ITKF), се додека не се конституира единствена карате федерација, во светот, во која ќе биде опфатено модерното и традиционално карате и истата ќе биде призната и од Меѓународниот Олимписки Комитет.

Член 17

**Коњички спорт**

Во коњичкиот спорт, спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **светска категорија**, за:
- освоено од прво до шесто место поединечно на олимписки игри;
- односно од прво до четврто место на светско првенство и
- освоено од прво до второ место на европско првенство.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од седмо до осмо место на олимписки игри,
- освоено петто до осмо место на светско првенство или трето до четврто место на европско првенство;
- освоено од прво до трето место во финале на Светски куп во генерален - конечен пласман;
- освоено од прво до трето место екипно на олимписки игри,
- освоено од петто до шесто место на светско првенство и
- освоено од трето до четврто место на европско првенство;
- освоено прво место на еден од натпреварите за Светски куп.

3. Спортист од **државна категорија**, за освоено прво место на поединечно првенство на Македонија во олимписки дисциплини (А категорија), за сениори.

Член 18

**Кошарка**

Во спортот кошарка, спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **светска категорија**, за учество во екипа која ќе освои:
- од прво до осмо место на олимписки игри;
- од прво до шесто место на светско првенство и
- од прво до четврто место на европско првенство.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за учество во екипа:
- која на олимписки игри ќе оствари пласман од деветто до дванаесто место,
- или од седмо до десетто место на светско првенство;
- која на европско првенство ќе освои од петто до осмо место;
- која ќе освои прво или второ место во Купот на шампионите на Европа;
- која ќе освои прво или второ место во Купот на европските куп победници;
- на највозрасна младинска репрезентација која ќе освои од прво до трето место на светско првенство;
- освоено од прво или второ место на европско првенство.

3. Спортист од **државна категорија**, за:
- учество во екипите кои на државните првенства за мажи и жени освојат прво место;
- учество во екипите кои се пласирани во финалето на Купот на Македонија.

Член 19

**Кревање товар**

Во спортот кревање товар, спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **светска категорија**, за:
- освоено од прво до шесто место на Олимписки игри, светско или европско првенство;
- остварување на светски или европски рекорд кој го признава меѓународната светска асоцијација за кревање товар.

2. Спортист од **меѓународна категорија,** за освоено од седмо до десетто место на олимписки игри, светско или европско првенство.

3. Спортист од **државна категорија**, за освоено прво место на поединечно сениорско првенство на Македонија.

Член 20

**Куглање**

Во спортот куглање, спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **светска категорија**, за:
- учество во екипа која ќе освои од прво до петто место на светско првенство;
- освоено од прво до трето место, севкупно во комбинација;
- освоено од прво до трето место во поединечна конкуренција, односно прво или второ место во парови на светско или европско првенство;
- постигнат резултат кој се признава за светски рекорд.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од шесто до осмо место на светско првенство, екипно;
- освоено од четврто до шесто место севкупно, во комбинација;
- освоено од четврто до шесто место во поединечна конкуренција;
- односно за освоено трето или четврто место во парови на светско и европско првенство.

3. Спортист од **државна категорија**, за освоено прво место на поединечно, парови и екипно сениорско првенство на Македонија.

Член 21

**Кик бокс**
Во спортот кик бокс, спортистот стекнува категорија:
1. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од прво до трето место на Светско првенство што го организира Светската Кик Боксинг Федерација (WAKO) во дисциплините: Фул контакт, Лоу Кик-таи Бокс, Семи Контакт, Лајт Контакт, М. Форми -Тама Шивари, а на кој учествуваат најмалку 30 земји учеснички.
- освоено прво место на Европско првенство во Фул контакт, Лоу Кик-таи Бокс, Семи Контакт, Лајт Контакт, М. Форми-Тама Шивари, што ги организира Светската Кик Боксинг Федерација (WAKO), а на кое учествуваат најмалку 20 земји учеснички.

Остварениот пласман на меѓународните првенства, спортистот треба да го оствари со најмалку три победи, за да ја стекне категоријата Спортист од меѓународна категорија, во спротивно се категоризира во категоријата спортист од државна категорија.

2. Спортист од **државна категорија**, за:
- освоено прво место на поединечно сениорско првенство на Македонија;
- освоено прво место на екипно првенство на Македонија за сениори-ки.

Член 22

**Мечување**
Во спортот мечување, спортистот стекнува категорија:
1. Спортист од **светска категорија**, за:
- освоено од прво до осмо место на олимписки игри, светско првенство или од прво до шесто место на европско првенство;
- учество во репрезентација која на олимписки игри, светско или европско првенство освои од прво до трето место;
- освоено од прво до десетто место на ранг листата на Интернационалната федерација за мечување.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од деветто од дванаесто место на олимписки игри, светско првенство од седмо до осмо место на европско првенство;
- освоено прво место на универзијада;
- освоено од прво до шесто место Светски куп (севкупно) и од прво до трето место на младинско светско првенство.

3. Спортист од **државна категорија**, за освоено прво место на поединечно првенство на Македонија за сениори.

Член 23

**Одбојка**
Во спортот одбојка, спортистот стекнува категорија:
1. Спортист од **светска категорија**, за учество во репрезентацијата која на олимписки игри ќе:

- освои од прво до осмо место;
- освои од прво до шесто место на светско првенство
- освои од прво до четврто место на европско првенство.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:

- учество во екипа - репрезентација која на олимписки игри ќе освои од деветто до дванаесто место;
- од седмо до дванаесто место на светско првенство;
- учество во екипа - репрезентација која на европско првенство ќе освои од петто до осмо место;
- учество во екипа која во натпреварите за Куп на шампиони на Европа односно Купот на победници на купови, ќе освои прво или второ место;
- учество во екипа која во купот на CEV ќе освои прво место;
- учество во највозрасната младинска репрезентација која ќе освои прво или второ место на европско првенство.

3. Спортист од **државна категорија**, за учество во екипа, кои ќе освојат прво или второ место во Државното првенство и Куп на Македонија за сениори.

Член 24

**Планинарски спортови**

Во планинарски спортови, спортистот стекнува категорија во:

а). **Алпинизам**

1. Спортист од **светска категорија,** за:

- првенствени искачувања на врвови повисоки од 8.000 метри, по алпинистичка насока - приод, без употреба на дополнителен кислород;
- првенствени искачувања на врвови повисоки од 8.400 метри, по алпинистичка насока - приод, со употреба на дополнителен кислород;
- првенствени искачувања на највисокиот врв на Светот Монт Еверест (8.848 метри).

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за првенствени искачувања на комбинирани алпинистички насоки со комплексна тежина од ЕД1 или повисоко и должина поголема од 1.000 метри.

3. Спортист од **државна категорија**, за:

- учество во алпинистички експедиции на врвови повисоки од 7.000 метри;
- првенствени искачувања во домашните планини или надвор, со тежина поголема од V и должина поголема од 500 метри;
- првенствени искачувања со тежина поголема од VI+ и должина поголема од 200 метри;
- првенствени искачувања во зимски услови со тежина поголема од V и M-5, за качување по мраз.

б). **Спортско качување**

1. Спортист од **меѓународна категорија**, за:

- освоено од прво до шесто место на светско првенство за сениори;
- освоено од прво до четврто место на Светски куп за сениори во генерален пласман;
- освоено од прво до трето место на светско првенство за младинци-ки.

2. Спортист од **државна категорија**, за учество:
- во репрезентација на Република Македонија, за учество на светско или европско првенство и светски или европски куп за сениори и младинци;
- на првите тројца пласирани на завршната годишна ранг - листа во категориите: тежинско, болдер и брзинско спортско качување.

в). **Ориентационен спорт**

1. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од прво до шесто место на светско или европско првенство, за сениори до 30 години, во генерален - конечен пласман;
- учество во репрезентацијата која ќе освои од прво до четврто место екипно на Светски или европски куп, во генерален пласман;
- освоено од прво до трето место на светско или европско првенство во штафета.

2. Спортист од **државна категорија**, за:
- освоено од прво до трето место на сениорско Државно првенство во поединечна конкуренција на кратки и долги патеки;
- освоено прво место штафета на Државно првенство за сениори-ки.

Член 25

**Пливање**

Во спортот пливање, спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **светска категорија,** за:
- освоено од прво до осмо место на олимписки игри или светско првенство, во долги базени и олимписки дисциплини, односно до шесто место во штафетните дисциплини;
- освоено од прво до шесто место на европско првенство;
- освоено од прво до осмо место на Светски куп во генерален - конечен пласман;
- освоено прво место на светско или европско првенство во кратки базени;
- остварен резултат, кој Светската пливачка федерација (FINA) го признава за светски, односно европски рекорд.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од деветто до шеснаесто место на олимписки игри поединечно;
- односно до осмо место во штафетните дисциплини;
- освоено од деветто до шеснаесто место на светско првенство;
- односно за освоено до четврто место во штафетните дисциплини;
- освоено второ или трето место на светско или европско првенство во кратки базени;
- освоено прво место на универзијада;
- освоено од деветто до шеснаесто место во Светски куп остварен во генерален -конечен пласман;

Категоријата Спортист од меѓународна категорија, може да ја стекнат и спортисти кои на званични меѓународни натпревари, олимписки игри, светски и европски првенства, како и на други пливачки првенства, кои се предвидени во календарот на Меѓународната пливачка федерација (FINA) и Европската пливачка федерација (LENA), ја исполнат утврдената норма дадена во Табела 1, која е приложена кон овој правилник и е негов составен дел.

3. Спортист од **државна категорија**, за:

- освоено прво место во дисциплини на поединечно првенство на Македонија;

Категоријата Спортист од државна категорија, може да ја стекнат и спортисти кои на званични меѓународни натпревари, олимписки игри, светски и европски првенства, како и на други пливачки првенства, кои се предвидени во календарот на Меѓународната пливачка федерација (FINA) и Европската пливачка федерација (LENA) Пливачката федерација на Македонија , ја исполнат утврдената норма дадена во Табела 4, која е приложена кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 26

**Маратонско пливање**

Во спортот маратонско пливање, спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **меѓународна категорија**, за освоено од прво до шесто место на Светски куп во маратонско пливање во генерален - конечен пласман.

2. Спортист од **државна категорија**, за освоено до петто место на ранг листата на Пливачкиот сојуз на Македонија.

Член 27

**Пинг понг**

Во спортот пинг понг, спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **светска категорија**, за:

- освоено од прво до осмо место во поединечна конкуренција, парови и мешани двојки на олимписки игри и светско првенство;
- освоено од прво до шесто место на европско првенство или Светски куп во генерален - конечен пласман;
- учество во репрезентација која ќе освои прво до четврто место на светско првенство;
- односно прво до трето место на европско првенство;
- освоено до триесетто место на ранг листата на Светската пинг понгарска федерација(ITTF);
- односно до дваесто место на ранг листата на Европската пинг понгарска федерација(ETTF).

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:

- освоено од деветто до шеснаесто место во поединечна конкуренција;
- односно од деветто до дванаесто место во парови и мешани двојки, на олимписки игри или светско првенство;
- освоено од седмо до дванаесто место во поединечна конкуренција или парови на европско првенство или Светски куп, во генерален - конечен пласман;
- учество во репрезентација која ќе освои петто до осмо место на светско првенство;
- односно четврто до петто место на европско првенство;
- освоено до десетто место на ранг листата на Светската пинг понгарска федерација;
- односно до триесетто место на ранг листата на Европската пинг понгарска федерација;
- освоено од прво до трето место на младинско светско првенство;
- односно прво место на европско првенство;
- учество во екипа која ќе освои од прво до трето место во Купот на шампионите на Европа.

3. Спортист од **државна категорија**, за:
- освоено до петто место на ранг листата на најдобрите мажи и жени на Пинг понгарскиот сојуз на Македонија;
- освоено прво место на екипно првенство на Македонија за сениори-ки.

Член 28

**Параглајдерство и змајарство**
Во спортот параглајдерство и змајарство, спортистот стекнува категорија:
1. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено прво до трето место на Светско првенство,
- односно прво или второ место на Европско првенство, што ги организира Интернационална Праглајдерска и Змајарска Федерација, а на кое учествуваат најмалку 30 земји учеснички на светско и најмалку 20 земји учеснички на европско првенство.

2. Спортист од **државна категорија**, за освоено прво место на поединечно првенство на Македонија за сениори.

Член 29

**Пеливанство**
Во спортот пеливанство, спортистот стекнува категорија:
1. Спортист од **државна категорија**, за освоено прво место во категории на поединечно првенство на Македонија.

Член 30

**Ракомет**
Во спортот ракомет, спортистот стекнува категорија:
1. Спортист од **светска категорија,** за учество во екипа - репрезентација која на олимписки игри ќе оствари пласман:
- од прво до осмо место;
- од прво до шесто место на светско првенство и
- од прво до четврто место на европско првенство.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- учество во репрезентација која на олимписки игри ќе освои од деветто до дванаесто место и од седмо до осмо место на светско првенство;
- учество во репрезентација која на европско првенство ќе освои петто или шесто место;
- учество во екипа која во Купот на шампионите на Европа или Купот на победниците на куповите ќе освои прво или второ место;
- учество во највозрасна младинската репрезентација која на светско првенство ќе освои од прво до трето место;
- односно од прво до второ место на европско првенство.

3. Спортист од **државна категорија,** за учество во екипи кои ќе освојат прво или второ место во државното првенство или Куп на Македонија.

Член 31

**Скијање**
Во спортот скијање (алпско скијање, скијачко трчање, бијатлон и сноуборд), спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **светска категорија**, за:
- освоено од прво до осмо место на олимписки игри, светско првенство или Светски куп во поединечни дисциплини или генерален - конечен пласман;
- освоено од прво до осмо место на европски куп во генерален - конечен пласман;
- освоено од прво до трето место на еден натпревар во Светски куп или прво место на европски куп;
- пласман меѓу првите 30 на ранг листата на Интернационалната скијачка федерација ( FIS) - ранг листа, според освоени FIS бодови.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од деветто до шеснаесто место на олимписки игри, светско првенство или Светски куп во поединечни дисциплини или генерален - конечен пласман;
- освоено од четврто до шесто место на европскиот куп за севкупен пласман;
- пласман меѓу првите 100 на Светската FIS ранг листа, според освоени FIS бодови во алпско скијање за мажи, односно меѓу првите 50 за жени;
- пласман меѓу првите 50 на Светската FIS ранг листа, според освоени FIS бодови во нордиско скијање и сноуборд;
- освоено од прво до шесто место на младинско светско првенство;
- освоено од четврто до шесто место на еден натпревар во Светски куп или од трето до четврто место на европски куп.

3. Спортист од **државна категорија**, за:
- освоено од прво до второ место на поединечно првенство на Македонија (за мажи и жени);
- учество во сениорска или младинска репрезентација на Република Македонија, која учествува на олимписки игри, европско или светско првенство.

Член 32

**Спортски риболов**
Во спортот спортски риболов, спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од прво или второ место на светско првенство;
- освоено од прво место на европско првенство;
- освоен светски или европски рекорд;
- освоено прво место на светско или европско младинско првенство.

2. Спортист од **државна категорија,** за освоено прво место во дисциплините лов на риба, на поединечно првенство на Македонија.

Член 33

**Стрелаштво**
Во спортот стрелаштво, спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **светска категорија**, за:
- освоено од прво до осмо место на олимписки игри или светско првенство;
- односно од прво до шесто место на европско првенство;
- резултат кој се признава како европски и светски рекорд;
- освоено од прво до шесто место на финале на Светски куп;
- учество во национална екипа која ќе освои од прво до трето место на светско првенство;
- односно од прво до второ место на европско првенство.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од деветто до шеснаесто место на олимписки игри или светско првенство;
- односно седмо до осмо место на европско првенство;
- освоено од прво до второ место на едно од натпреварувањата за Светски куп;
- освоено од седмо до осмо место на финале на Светски куп;
- односно четврто до шесто место во финале на Европски куп;
- освоено од прво до трето место на младинско светско првенство;
- односно од прво до второ место на младинско европско првенство.

Категоријата Спортист од меѓународна категорија, може да ја стекнат и спортисти кои на званични меѓународни натпревари, олимписки игри, светски и европски првенства, како и на други стрелачки првенства, кои се предвидени во календарот на Меѓународната стрелачка федерација (ISSF), ја исполнат утврдената норма дадена во Табела 5, која е приложена кон овој правилник и е негов составен дел.

3. Спортист од **државна категорија,** за:
- освоено прво место на првенство на Македонија;
- постигнат резултат во дисциплини на меѓународната програма, кој се признава како рекорд на Македонија, според Правилата на Стрелачкиот сојуз на Македонија;

Категоријата Спортист од државна категорија, може да ја стекнат и спортисти кои на званични меѓународни натпревари, олимписки игри, светски и европски првенства, како и на други стрелачки првенства, кои се предвидени во календарот на Меѓународната стрелачка федерација (ISSF) и Стрелачката федерација на Македонија, ја исполнат утврдената норма дадена во Табела 6, која е приложена кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 34

**Стреличарство**

Во спортот стреличарство, спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од прво до осмо место на олимписки игри, светски првенства и европски првенства;
- светски и европски рекорд во дисциплините FITA 1, FITA 2, FITA INDOR и ARROWHEAD.
- освоено од прво до трето место на младинско, светско или европско првенство.

2. Спортист од **државна категорија**, за освоено прво место на првенство на Македонија.

Член 35

**Спорт за инвалидизирани лица**

Во спортот за инвалидизирани лица (за спортисти со телесни оштетувања, оштетувања на

слухот и видот), спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **светска категорија**, за:
- освоено од прво до шесто место на пара олимписки игри
- освоено од прво до четврто место на светско првенство;
- освоено прво или второ место на европско првенство;
- учество во репрезентација која ќе освои од прво до трето место на параолимписки игри или прво до второ место на светско првенство;
- односно прво место на европски првенства.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од седмо до десетто место на параолимписки игри, од петто до седмо место на светско првенство;
- односно трето или четврто место на европско првенство;
- учество во репрезентација која ќе освои трето или четврто место на параолимписки игри, четврто или петто место на светско првенство;
- односно второ или трето место на европско првенство.

3. Спортист од **државна категорија**, за:
- освоено прво место на државно првенство во индивидуални спортови;
- учество во екипа која ќе освои прво место на државни првенства.

Член 36

**Тенис**

Во спортот тенис, спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **светска категорија**, за:
- освоено до осмо место на олимписки игри, поединечно и во парови;
- освоено од прво до четврто место на Девис Куп (Davis Cup) или Федерејшн Куп (Federation Cup) светска група;
- освоено од прво до трето место на Вимблдон (Wimbledon), Флешин Медон (FleshingMedow), Ролан Гарос (Rolland Garros) и Отвореното првенство на Австралија (Australian open).

2. Спортист од **меѓународна категорија,** за:
- освоено до шеснаесто место на олимписки игри, поединечно и во парови;
- освоено од петто до дванаесто место на Девис Куп (Davis Cup) светска зона;
- освоено до дванаесто место на Федерејшн купот (Federation Cup) за жени;
- освоено до осмо место на Вимблдон ( Wimbledon), Флешин Медон (Fleshing-Medow), Ролан Гарос (Rolland Garros) и Отвореното првенство на Австралија (Australian open).
- пласман меѓу 100-те најдобри мажи и жени поединечно, на ранг-листата на Светската тениска федерација(ITF);
- пласман меѓу 30-те најдобри мажи и жени во парови, на ранг листата на Светската тениска федерација;
- освоено прво место на универзијада.

3. Спортист од **државна категорија,** за:
- пласман до петто место на ранг листата на Македонската тениска федерација.

Член 37

**Тријатлон**
Во спортот тријатлон, спортистот стекнува категорија:
1. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од прво до осмо место на олимписки игри или светско првенство;
- освоено од прво до шесто место на европско првенство;
- освоено од прво до трето место на Светски куп;
- освоено од прво до второ место на Европски куп;
- освоено од прво до трето место на младинско светско првенство;
- освоено прво место за младинци на европско првенство.

2. Спортист од **државна категорија**, за освоено прво место на државно првенство.

Член 38

**Таеквондо**
Во спортот таеквондо, спортистот стекнува категорија:
1. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- освоено од прво до осмо место на Олимписки игри или Светско првенство, а на кои учествуваат најмалку 30 земји учеснички.
- освоено прво место на Европско првенство, а на кое учествуваат најмалку 20 земји учеснички.

Остварениот пласман на меѓународните првенства, спортистот треба да го оствари со најмалку три победи, за да ја стекне категоријата Спортист од меѓународна категорија, во спротивно се категоризира во категоријата спортист од државна категорија.

3. Спортист од **државна категорија**, за освоено прво место на државно првенство.

**Член 39**

**Фудбал**
Во спортот фудбал, спортистот стекнува категорија:
1. Спортист од **светска категорија,** за:
- учество во репрезентацијата на Македонија, која на олимписките игри или светско првенство ќе оствари пласман од прво до осмо место;
- учество во репрезентацијата која на европско првенство ќе освои од прво до четврто место.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- учество во репрезентацијата на Македонија, која на олимписки игри или светско првенство ќе освои пласман од деветто до шеснаесто место;
- учество во репрезентацијата која на европско првенство ќе се пласира од петто до осмо место;
- учество во екипа која е во Купот на шампионите на Европа или во Купот на куп победниците на Европа ќе освои од прво до трето место;
- учество во највозрасната младинска репрезентација на Македонија која ќе освои од прво до четврто место на светско првенство;

- односно од прво до трето место на европско првенство.

3. Спортист од **државна категорија,** за учество во екипа која ќе освои прво или второ место на Државното првенство и Куп на Македонија.

Член 40

**Хокеј на мраз**
Во спортот хокеј на мраз, спортистот стекнува категорија:
1. Спортист од **светска категорија,** за учество во репрезентација која на олимписки игри, светско или европско првенство (А група), ќе освои од прво до четврто место.

2. Спортист од **меѓународна категорија**, за:
- учество во репрезентација која на олимписки игри или светски првенства ќе освои од петто до осмо место;
- односно од петто до шесто место на европско првенство (А група);
- учество на екипа која ќе освои прво место на универзијада;
- учество во младинска екипа која ќе освои од прво до трето место на светско односно прво место на европско првенство.

4. Спортист од **државна категорија,** за учество на екипа која на државното првенство ќе освои прво место.

Член 41

**Џудо**
Во спортот џудо, спортистот стекнува категорија:
1. Спортист од **светска категорија,** за:
- освоено од прво до осмо место на олимписки игри;
- освоено од прво до шесто место на светски првенства;
- освоено од прво до четврто место на европско првенство за сениори;
- остварениот пласман на горенаведените натпревари спортистот треба да го оствари со најмалку три победи, за да ја стекне категоријата Спортист од светска категорија, во спротивно ја стекнува пониската категорија Спортист од меѓународна категорија.

2. Спортист од **меѓународна категорија,** за:
- освоено до шеснаесто место на олимписки игри;
- освоено до дванаесто место на светско првенство;
- освоено до осмо место на европско првенство за сениори;
- учество во репрезентацијата на Македонија (екипно, која на Европско првенство ќе освои од прво до трето место).

Остварениот пласман на горенаведените натпревари спортистот треба да го оствари со најмалку три победи, за да ја стекне категоријата Спортист од светска категорија, во спротивно ја стекнува пониската категорија Спортист од меѓународна категорија.

3. Спортист од **државна категорија**, за:
- освоено прво место на поединечно првенство на Македонија
- освоено прво место на екипно првенство на Македонија за сениори-ки.

Член 42

**Шах**

Во спортот шах, спортистот стекнува категорија:

1. Спортист од **светска категорија,** за:
- учество во репрезентација која ќе освои од прво до петто место на Шаховска олимпијада;
- учество во репрезентација која ќе освои од прво до четврто место на светско или од прво до трето место на европско првенство;
- освоено од прво до 30 место на Рејтинг листата на Светската шаховска федерација (FIDE).

2. Спортист од **меѓународна категорија,** за:
- учество во репрезентација која ќе освои од шесто до осмо место на Шаховска олимпијада и од петто до седмо место на светско првенство;
- учество во репрезентација која ќе освои од четврто до шесто место на европско првенство;
- освоено од прво до трето место на младинско светско првенство или младинско европско првенство;
- учество во екипа за освоено прво или второ место во Купот на европските шампиони;
- освоено до 50 место на Рејтинг листата на Светската шаховска федерација (FIDE).

3. Спортист од **државна категорија**, за:
- рангирање меѓу петте најдобри мажи и жени на официјалната ранг листа на Шаховската федерација на Македонија.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 43

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за утврдување на статусот и рангот и правата и обврските на врвните спортисти аматери ("Сл. весник на РМ" бр. 17/98).

Член 44

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија". Бр. 08-2124/1

28 јуни 2002 година, Скопје

Директор
Игор Ѓорѓиевски, с.р.

**Прилог: Табела 1**

НОРМИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СПОРТСКА КАТЕГОРИЈА СПОРТИСТ ОД
**МЕЃУНАРОДНА КАТЕГОРИЈА ВО АТЛЕТИКА**

| дисциплина | мажи | жени |
|---|---|---|
| 100 м. | 10,36 | 11,41 |
| 200 м. | 20,78 | 23,19 |
| 400 м. | 45,97 | 51,33 |
| 800 м. | 1:46,62 | 2:00,83 |
| 1500 м. | 3:39,77 | 4:06,32 |
| 3000 м. | 7:54,52 | 8:54,97 |
| 5000 м. | 13:37,82 | 15:52,53 |
| 10000 м. | 28:32,74 | 33:27,79 |
| 110 м./100 м. со пречки | 13,89 | 13,43 |
| 400 м. со пречки | 50,43 | 57,90 |
| 3000 м. стипл | 8:32,59 | |
| 4x100 м. | 39,74 | 44,0 |
| 4x400 м. | 3:03,0 | 3:32,0 |
| височина | 227 | |
| далечина | 800 | |
| трискок | 16,96 | 15,20 |
| скок со стап | 557 | |
| ѓуле | 20,52 | 19,52 |
| диск | 64,58 | 65,0 |
| копје | 78,10 | 64,64 |
| кладиво | 76,54 | |
| десетобој | 7882 | |
| седмобој | | |
| маратон | 2:13,47 | 2:35,23 |
| 20 км. одење | 2:13,47 | |
| 10 км. одење | 1:29,25 | |

- резултатите во тркачките дисциплини во Табела 1, се мерат со електронско мерење на времето.

**Прилог: Табела 2**

НОРМИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СПОРТСКА КАТЕГОРИЈА СПОРТИСТ ОД
**ДРЖАВНА КАТЕГОРИЈА ВО АТЛЕТИКА**

| дисциплина | мажи | жени |
|---|---|---|
| 100 м. | 10,90 | 11,90 |
| 200 м. | 22,50 | 25,20 |
| 400 м. | 47,50 | 56,50 |
| 800 м. | 1:50,0 | 2:18,0 |
| 1500 м. | 3:50,2 | 4:30,0 |
| 3000 м. | 8:30,0 | 9:20,0 |
| 5000 м. | 14:45,0 | 16:52,0 |
| 10000 м. | 30:50,00 | 37:00,0 |
| 110 м./100 м. со пречки | 15,15 | 15,20 |
| 400 м. со пречки | 54,0 | 1:00,0 |
| 3000 м. стипл | 8:15,0 | |
| 4х100 м. | 32,9 | 47,2 |
| 4х400 м. | 3:24,0 | 4:05,5 |
| височина | 205 | |
| далечина | 725 | |
| трискок | 16,00 | 13,90 |
| скок со стап | 400 | |
| ѓуле | 17,00 | 15,00 |
| диск | 52,00 | 51,00 |
| копје | 62,00 | 50,00 |
| кладиво | 45,00 | |
| десетобој | 6000 | |
| седмобој | | |
| маратон | 2:35,00 | 3:00,00 |
| 20 км. одење | 2:35,00 | |
| 10 км. одење | 1:10,00 | |

- резултатите во тркачките дисциплини во Табела 2, се мерат со електронско мерење на времето.

**Прилог: Табела 3**

НОРМИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СПОРТСКА КАТЕГОРИЈА СПОРТИСТ ОД
**МЕЃУНАРОДНА КАТЕГОРИЈА ВО ПЛИВАЊЕ**

| дисциплина | мажи | жени |
|---|---|---|
| 50 м. слободно | 24,06 | 26,79 |
| 100 м. слободно | 51,64 | 57,88 |
| 200 м. слободно | 1:53,52 | 2:04,19 |
| 400 м. слободно | 4:00,58 | 4:20,09 |
| 1500 м./800 м. | 15:44,67 | 8:52,81 |
| слободно 100 м. градно | 1:05,10 | 1:12,00 |
| 200 м. градно | 2:20,86 | 2:35,71 |
| 100 м. грбно | 58,36 | 1:04,06 |
| 200 м. грбно | 2:04,82 | 2:16,06 |
| 100 м. делфин | 55,88 | 1:01,25 |
| 200 м. делфин | 2:02,81 | 2:13,07 |
| 200 м. мешано | 2:08,28 | 2:19,16 |
| 400 м. мешано | 4:31,84 | 4:51,57 |
| 4x100 м. мешано | 3:50,53 | 4:17,36 |
| 4x100 м. слободно | 3:28,15 | 3:52,95 |
| 4x200 м. слободно | 7:40,04 | 8:26,11 |

- Нормите во Табела 3 се однесуваат на резултати постигнати во базен од 50м., мерени со електронско мерење на времето.

**Прилог: Табела 4**

НОРМИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СПОРТСКА КАТЕГОРИЈА СПОРТИСТ ОД
**ДРЖАВНА КАТЕГОРИЈА ВО ПЛИВАЊЕ**

| дисциплина | мажи | жени |
|---|---|---|
| 50 м. слободно | 24,57 | 28,14 |
| 100 м. слободно | 53,65 | 1:00,92 |
| 400 м. слободно | 4:10,73 | 4:34,15 |
| 1500 м./800 м. слободно | 16:24,81 | 9:21,72 |
| 100 м. градно | 1:07,85 | 1:15,82 |
| 200 м. градно | 2:26,76 | 2:44,88 |
| 100 м. грбно | 1:00,74 | 1:07,45 |
| 200 м. грбно | 2:10,03 | 2:23,15 |
| 100 м. делфин | 58,16 | 1:04,48 |
| 200 м. делфин | 2:07,94 | 2:20,21 |
| 200 м. мешано | 2:13,64 | 2:26,64 |
| 400 м. мешано | 4:43,32 | 5:07,34 |
| 4х100 м. мешано | 4:00,25 | 4:31,26 |
| 4х100 м. слободно | 3:36,91 | 4:05,53 |
| 4х200 м. слободно | 7:59,54 | 8:53,57 |

- Нормите во Табела 4, се однесуваат на резултати постигнати во базен од 50м., мерени со електронско мерење на времето.

**Прилог: Табела 5**

НОРМИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СПОРТСКА КАТЕГОРИЈА СПОРТИСТ ОД
**МЕЃУНАРОДНА КАТЕГОРИЈА ВО СТРЕЛАШТВО**

дисциплина / мажи / норма
Станд.ВП, 60 / на 10м. 590
Станд. ВПИ, 60/на 10м МКП,
сл.избор, 60 леж./ 50м. 593 МКП,
сл.избор, 3x40/ 50м.
1150 МКПИ сл.избор, 60/ 50м. 560 МКПИ,
брзо стрелање-силу./25м МКПИ стандард/ 25м. 570
Пиштол, голем калибар/ 25м 582
Мета во движење, 30+30/ 25м. 580
Летечка мета-ТРАП 117
Летачка мета-СКЕЕТ 117 /жени/ норма
Станд. ВП, 40/ 10м 392
Станд.ВПИ, 40/ 10м 379
Станд. МКП, 60 леж./ 50м 590
Станд. МКП, 3x20 / 50м. 570
Спортски МКПИ, 30+30/ 25м
Летечки мети- Двоен ТРАП 103 ВП - воздушна пушка ВПИ - воздушен пиштол МКП - малокалибарска пушка МКПИ - малокалибарски пиштол

**Прилог: Табела 6**

НОРМИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СПОРТСКА КАТЕГОРИЈА СПОРТИСТ ОД
**ДРЖАВНА КАТЕГОРИЈА ВО СТРЕЛАШТВО**

дисциплина / мажи / норма
Станд.ВП, 60
Станд. ВПИ, 60 МКП,
сл.избор, 60 леж. 587 МКП,
сл.избор, 3x40 1135 МКПИ
сл.избор, 60 МКПИ,
брзо стрелање-силу. 573 МКПИ стандард не е на програм
Пиштол, голем калибар не е на програм
Мета во движење, 30+30 не е на програм
Летечка мета-ТРАП 112 Летачка мета-СКЕЕТ 114 /жени/ норма Станд. ВП, 40 Станд.ВПИ, 40 Станд. МКП, 60 леж. 585 Станд.